Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 12 февруари 2023 година**

**Скопје, февруари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 февруари 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:40 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, министер за локална самоуправа, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владата, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за определување на Ден на жалост

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Извештај за извршени преговори и за потпишување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија во областа на образованието, истражувањето и иновациите, со усогласен текст на Договор

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за определување на Ден на жалост.

**<u>Точка 2</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**<u>Точка 4</u>**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори и за потпишување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија во областа на образованието, истражувањето и иновациите, со усогласен текст на Договор (согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство) и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија во областа на образованието, истражувањето и иновациите.

2. Се определува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Молдавија во областа на образованието, истражувањето и иновациите.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:45 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**